РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Соопштение за јавност

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги донесе одлука со која се врши **зголемување на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 0,04%** во однос на Одлуката од **12.7.2021** година. **Овој раст на цени на светските берзи го достигна нивото со кои се исполнија условите да се намали акцизата за 2,00 денар за литар за ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) согласно Уредбата со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на законот за акцизите за време на вонредна состојба.**

Малопродажните цени на бензините **ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98 и на Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) се зголемуваат за 0,50 денар/литар**.

**Малопродажната цена на ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V), се намалува за 2,00 денар/литар,** во однос на малопродажната цена утврдена со одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од **12.7.2021** година **и со тоа малопродажната цена на ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) изнесува 61,00 ден/лит.**

Малопродажната цена на **Мазутот М-1 НС се зголемува за 0,299 ден/кг и сега ќе изнесува 38,018 ден/кг.**

Од 20.7.2021 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 95** | **72,50** | **(денари/литар)** |
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС -98** | **74,50** | **(денари/литар)** |
| **Дизел гориво** | **ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)** | **61,00** | **(денари/литар)** |
| **Масло за горење** | **Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)** | **63,50** | **(денари/литар)** |
| **Мазут М-1 НС** | | **38,018** | **(денари/килограм)** |

Во изминатиот седумдневен период **сите референтни цени на светските берзи** во просек бележат зголемување: бензинот за 1,717 %, дизелот за 0,886 %, екстра лесното масло за 1,285 % и кај мазутот зголемувањето е за 1,197 %.

Во истиот период **курсот на денарот во однос на доларот е понизок за** 0,123%**.**

Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 20.7.2021 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

Малопродажните цени на ЕУРОДИЗЕЛ и ЕУРОСУПЕР БС – 95 во Северна Македонија и неколку земји од ЕУ (https://ec.europa.eu/energy/data-analysis/weekly-oil-bulletin_en од 12.7.2021) се дадени во следната табела на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ www.erc.org.mk.



ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

Табела 1. Малопродажни цени на Еуродизел и Еуросупер БС-95

| | Еуродизел (ЕУР) | ЕУРОСУПЕР БС – 95 (ЕУР) |
|---|---|---|
| Северна Македонија | 1,023 | 1,169 |
| Австрија | 1,245 | 1,307 |
| Бугарија | 1,127 | 1,127 |
| Хрватска | 1,392 | 1,453 |
| Германија | 1,392 | 1,603 |
| Грција | 1,388 | 1,674 |
| Италија | 1,508 | 1,650 |
| Унгарија | 1,255 | 1,259 |
| Словенија | 1,294 | 1,250 |

12.7.2021